# СТИРОКОЛ-П

*Еднокомпонентно висококвалитетно градежно лепило за лепење и глетување на плочи од стиропор или екструдиран полистирен*

## Област на примена:

При изработка на термички фасади со стиропор-плочи, служи како лепило за стиропор-плочите и како малтер за глетување на истите. Исто така се применува за лепење на плочи од лесен малтер.

## Својства:

- сива прашкаста смеса;
- одлична адхезија;
- водоотпорен;
- висока јакост на притисок;
- висока јакост на свиткување;
- еластичност;
- едноставен за приготвување и изведба;
- економичен;
- еколошки;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Јакост на свиткување: | 5±1 МПа |
| Јакост на притисок: | 12±2 МПа |
| Адхезија за подлога: | >1,0 МПа |
| Отворено време за работа: | 3 часа |
| Почеток на врзување: | 6 часа |
| Крај на врзување: | 24 часа |

## Подготовка на подлога:

Подлогата треба да биде обезмастена, обеспрашена и чиста.

## Вградување:

На 1 кг Стирокол-П, со постојано мешање се додава 230-260 мililитри вода. Се меша до потполна хомогенизација. Потоа мешавината се остава да мирува 20 мин. Повторно се замешува и се вградува со мистрија, глетарка или шпахтла.
Глетувањето на залепените термоизолациони плочи се изведува на следниот начин. Првиот слој од Стирокол-П се нанесува со челична глетарка во дебелина на слојот од 1,5 до 2,0 мм. Во се уште свежиот нанос со метална глетарка се втиснува стаклена мрежичка. По врзувањето на првиот се нанесува и вториот слој на Стирокол-П со иста дебелина на слој како и првиот.
На потполно исушен втор слој од Стирокол-П се изведува бараната завршна фасадна обработка.
Нанесениот слој од Стирокол-П треба да се штити од дожд и силен провев, во првите 24 часа од нанесувањето. Оптималната температура при вградување е од 5°C до 35°C.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| - За лепење | 4,0 ÷ 6,0 кг/м$^2$ |
| - За глетување (за 2 слоја) | 3,0 ÷ 4,5 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 5 и 25 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба: 12 месеци.

ГРАДЕЖНИ ЛЕПИЛА

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување на прашкастата компонента. При инцидентен контакт на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар: Стирокол-П е незапалив прашок.
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.